# „Предности од возење велосипед до училиште“
## Активност 2: Време поминато во патување до училиште

ВОВЕД

Возењето велосипед од дома до училиште има свои предности и придобивки. Како најлесно да ги воочиме истите, а притоа да ги практикуваме ќе видиме во следните неколку активности.

Предности и придобивки од возење велосипед до училиште.

**Методи и стратегии:**

Интерактивен метод на уење

**Вид на активност:**
Активност 2: е активност со која преку разговор со своето другарче кое вози велосипед секое утро до училиште, учиме и осознаваме за предностите од возење велосипед до училиште.

**Потребни материјали**

Испечатен дел од вежбата за секој ученик.

Молив/пенкало

Индивидуална работа

Групна работа

30 мин.

Како се спроведува активноста:

-Секој ученик потребно е да добие испечатен примерок од активноста која се наоѓа во работниот дел од овој прирачник.
-Учениците се делат во парови, каде еден ученик ќе биде тој што вози секое утро велосипед до училиште, а другиот ученик ќе биде оној кој доаѓа со автомобил.
-Напишаните одговори можат да ги споделат пред целото одделение.

РЕЗУЛТАТ

Откако ќе биде спроведена Активност 2, учениците ќе имаат зголемено и унапредено знаење за предностите и придобивките од возење велосипед од дома до училиште.

Ве молиме пополнете ја следната табела со цел подобрување на активностите во иднина и споделете ги со нас вашите одговори на: veloschools.ecologic@gmail.com

| Што ми се допадна од оваа активност? | Што не ми се допадна од оваа активност? | Што би промениле? |
| --- | --- | --- |
| | | |

## Дополнителни информации:

*Темплејтот за спроведување на Активност 2, се наоѓа во работниот дел од овој прирачник под наслов: Предности од возење велосипед до училиште-Активност 2: Време поминато во патување до училиште.

-Мотивирајте ги учениците на разговор и дискусија преку следните кратки пример прашања:

Кои се предностите од возење велосипед од дома до училиште?

Кои се предностите од користење на автомобил и/или јавен превоз од дома до училиште?

Што е разликата помеѓу доаѓањето на училиште со велосипед или автомобил или користење на јавен превоз?

Дали има разлика во различни временски периоди: пролет/лето/есен/зима?

Сподели свој личен пример за предности/недостатоци од користење на велосипед, автомобил или јавен превоз од дома до училиште!